ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 7 ДАТА 21.02.2020 ГОДИНА 38

ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО
ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

ВОНРЕДЕН БРОЈ ДАТА

## СОДРЖИНА


- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ОДЛУКИ ОД КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ ПРИ ФФМ
- ОДЛУКИ ОД КОМИСИЈАТА ЗА МАЛ ФУДБАЛ ПРИ ФФМ
- ОДЛУКИ ОД ДИСЦИПЛИНСКАТА КОМИСИЈА ПРИ ФФМ

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ „ГАЗИ БАБА„ СКОПЈЕ**
**Дополнување на документација од**
**Седница од 11.02.2020 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „СКОПЈЕ АД„ Скопје: Имероски Онур од Фудбалскиот клуб „Слобода„ од Љубљана, Република Словенија, по член 35/11.

**Седница од 21.02.2020 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „РАБОТНИЧКИ АД„ Скопје: Николовски Н. Христијан од Фудбалски клуб „Македонија ЃП 1932 АД„ од Скопје, по член 36/1.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КАВАДАРЦИ**
**Дополнување на документација од**
**Седница 11.02.2020 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „РОСОМАН 83„ Росоман: Вареловски Д. Никола од Фудбалскиот клуб „Пурис„ од Република Хрватска, по член 35/11.

Комисија за жалби на ФФМ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ Бр. 10-314/2 20.02.2020 год.

Комисијата за жалби на Фудбалската федерација на Македонија во состав: Дејан Николоски – претседавач, Димитар Трајчевски - зам.претседавач, Сандра Михајловски – член, Сабри Алими – член, постапувајќи по жалбата поднесена од Петровски Антонио, фудбалер на КМФ СК Проект Цико, пр.бр. 10-279/1 од 18.02.2020 година против одлуката на Дисциплинската комисија на ФФМ бр. 08-235/1-2.2 од 13.02.2020 година, врз основа на член 145 став 1 алинеа 1 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, на седницата одржана на ден 20.02.2020 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Жалбата бр. 10-279/1 од 18.02.2020 година поднесена од Петровски Антонио ИД бр. 106812, фудбалер на КМФ СК Проект Цико се одбива како неоснована.
2. **Се потврдува** одлуката на Дисциплинската комисија на ФФМ бр. 08-235/1-2.2 од 13.02.2020 година со која Петровски Антонио ИД бр. 106812, играч на КМФ Проект Цико-Валандово се казнува со дисциплинска мерка **забрана на настап на 2(два) првенствени или куп натпревари.** Казната тече од 07.02.2020 година.

3. Одлуката е конечна.

4. Одлуката да се објави во Макфудбал.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Петровски Антонио ИД бр. 106812, играч на КМФ Проект Цико-Валандово, незадоволен од одлуката на Дисциплинската комисија на ФФМ бр. 08-235/1-2.2 од 13.02.2020 година поднесе жалба до Комисијата за жалби на ФФМ.

Комисијата констатира дека жалбата е благовремена и уредно таксирана за што се има произнесено и првостепениот орган.

Комисијата ги разгледа жалбените наводи и утврди дека фудбалерот жалбата ја поднесува по одлука на Дисциплинската комисија на ФФМ со која му е изречена дисциплинска мерка - забрана на настап на 2(два) првенствени/куп натпревари.

Мерката е изречена поради груба игра во 15-та минута од натпреварот поради што жалителот , голман на КМФ Проект Цико-Валандово, е санкциониран со директен црвен картон на натпреварот одигран во Штип во рамки на 12 коло Прва футсал лига 19/20 помеѓу КМФ Астибо и КМФ СК Проект Цико Во жалбените наводи подносителот наведува дека направениот прекршок е во границите на црвен картон, смета дека првиот судија бил тенденциозен , немало груба игра туку со намера да ја исфрли топката во аут од невнимание во момент кога противничкиот фудбалер успел пред него да стигне до топката несакајќи го фаулирал.

Во жалбените наводи фудбалерот упатува на снимка од натпреварот и бара од Комисијата да ја намали изречената мерка.

Комисија за жалби на ФФМ

Комисијата при одлучување ги зема во предвид материјалните докази достапни на комисијата од постапката водена пред првостепениот орган меѓу кои:

- записник од натпреварот КМФ Астибо и КМФ СК Проект Цико одигран на 06.02.2020 година во Штип;
- изјава од жалителот;
- изјава од првиот судија;
- одлука на Дисциплинска комисија бр. бр. 08-235/1-2.2 од 13.02.2020 година;

Комисијата го прегледа и видео записот од спорниот момент од натпреварот.

По разгледување на жалбените наводи и материјалните докази, Комисијата ја утврди следната фактичка состојба:

На ден 06.02.2020 година во Штип, во рамки 12 коло на Прва футсал лига 19/20 одигран е првенствен натпревар помеѓу КМФ Астибо и КМФ СК Проект Цико. Во 15 минута од натпреварот на играчот со број 12 Петровски Антонио, голман на КМФ Проект Цико-Валандово, од страна на првиот судија му е покажан директен црвен картон поради направен фаул надвор од 6-те метра во ситуација кога бил последен играч а голот празен. И од изјавата на жалителот и од изјавата на првиот судија дадени по натпреварот неспорно произлегува дека прекршокот е направен надвор од шесте метри . Од видео записот Комисијата неспорно утврди и дека жалителот како голман на гостинската екипа со двете нозе стартува на противничкиот играч со цел да го спречи неговиот напад кон голот.

Врз основа на вака утврдена фактичка состојба , Комисијата констатира дека првостепениот орган правилно ја утврдил фактичката состојба па врз основа на член 40 од ДП на ФФМ ја изрекол дисциплинската мерка.

Врз основа на член 145 став 1 алинеа 1 а во врска со член 3 и член 40 од ДП на ФФМ Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

доставено до:
- подносителот
- макфудбал
- архива на ФФМ

Комисија за жалби на ФФМ
Претседавач,
Дејан Николоски

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА FOOTBALL FEDERATION OF MACEDONIA ФФМ 1 SKOPJE СКОПЈЕ

деловоден број 10-314/2 од 20.02.2020

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Број: 18-232/2-5.1

Футсал: 2019 - 2020

Скопје: 12.02.2020 Година

---

Врз основа на член 79 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, а во врска со член 43 од Пропозиции за мал фудбал, Комисијата за мал фудбал на ден 12.02.2020 година донесе:

# О Д Л У К А

1. КМФ "Проект Цико" се казнува со автоматска парична казна од 70.00 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.

2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка **на ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД - Скопје**.

3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.

4. Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАКФУДБАЛ

## Образложение

Комисијата за мал фудбал врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 12 коло Прва Футсал Лига 19/20 помеѓу, КМФ "Астибо"- КМФ "Проект Цико" одигран на ден 06.02.2020 година ја констатира следната фактичка состојба: Петровски Антонио со ид број 106812 фудбалер на КМФ "Проект Цико" исклучен од игра во 15 минута поради груба игра на натпреварот.

При ваква утврдена фактичка состојба Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

Доставено до:

- КМФ "Проект Цико" –Валандово
- ФФМ - МАК ФУДБАЛ
- Сметководството на ФФМ
- Архивата на ФФМ

Комисијата за мал фудбал

Претседавач

Добре Иванов с.р.

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0801-2281/2
12.12 2019 год.

Дисциплинска Комисија

*Врз основа на член 116 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, а вв со член 122, член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав:Арбен Борова-Претседавач, Мартин Саздов –Член, Дејан Бошков- член,Сашка Зердеска-Член, , спостапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-2281/1 од 05.12.2019 година против Херера Кардона Себастихјан со ИД 125614 фудбалер на ФК Работнички АД исклучен од натпреварот одигран на ден 04.12..2019 година во рамки на 1/4 финале Куп на Р.М помеѓу,Ф.К.Шкендија АД-Ф.К.Работнички АД поради втор жолт – црвен картон, врз основа на член 35 од ДП на ФФМ на седницата одржана на ден 12.12.2019 година ја донесе следната:*

## ***О Д Л У К А***

1. *На **Херера Кардона Себастихјан со ИД 125614 фудбалер на ФК Работнички АД** исклучен од натпреварот одигран на ден 04.12..2019 година во рамки на 1/4 финале Куп на Р.М помеѓу,Ф.К.Шкендија АД-Ф.К.Работнички АД поради втор жолт – црвен картон,**СЕ ИЗРЕКУВА дисциплинска мерка забрана на настап на 1(еден) првенствен/куп натпревар.***

2. *Дисциплинската мерка тече од 05.12.2019 година.*

3. *Одлуката да се објави во МАКФУДБАЛ.*

### ***О б р а з л о ж е н и е***

*Дисциплинската комисија постапувајќи по пријавата на Комисијата за бр. 15-2281/1 од 05.12.2019 година против Херера Кардона Себастихјан со ИД 125614 фудбалер на ФК Работнички АД исклучен од натпреварот одигран на ден 04.12..2019 година во рамки на 1/4 финале Куп на Р.М помеѓу,Ф.К.Шкендија АД-Ф.К.Работнички АД поради втор жолт – црвен картон, ги разгледа предложените докази од пријавувачот и тоа: записник од натпреварот, дополнителне делегатски извештај, изјава од пријавениот и изјава од главниот судија на натпреварот, ја утврди следната фактичка состојба:*
*На ден 04.12.2019 година е одигран натпреварот во натпреварот во рамки на 1/4 финале Куп на Р.М помеѓу , Ф.К.Шкендија АД-Ф.К.Работнички АД на Градски Стадион во Тетово .Во 18 минута од натпреварот на играчот со број **Херера Кардона Себастихјан со ИД 125614 фудбалер на ФК Работнички АД** му е доделен жолт картон поради недозволен старт на истиот фудбалер во 90 минута му е доделен втор жолт картон-црвен картон од стран на главниот судија на натпреварот Боби Величков поради недозволен старт врз противнички играч. Согласно вака утврдената фактичка состојба, Комисијата земјаќи ги во предвид сите околности од член 3 од ДП на ФФМ констатира дека со ваквото неспортско однесување пријавениот сторил прекршок утврден во член 35 од ДП на ФФМ, по што одлучи како во диспозитивот.*

***Дисциплинска Комисија***
***Претседател***
***Арбен Борова***

***ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.***

***ДН:***
***ФК Работнички АД***
***АРХИВА НА ФФМ***
***МАКФУДБАЛ***
Деловоден број 0801- 2281/2

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
Број: 08-235/1-2.1
Скопје: 13.02.2020 Година

Text Field

Врз основа на член 121 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Дисциплинската комисија постапувајќи по пријавата на Комисијата за мал фудбал на ФФМ против Ристо Гиовски Кондиционен тренер на КМФ ''Кеги Моби''-Велес врз основа на Член 35 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 13.02.2020 година донесе:

# ОДЛУКА

1 **Ристо Гиовски Кондиционен тренер на КМФ ''Кеги Моби' – Велес се казнува со дисциплинска мерка забрана на вршење на било која дејност поврзана со фудбал во времетраење од 1 (еден) месец.**

2 **Казната тече од 01.02.2020 Година.**

3 **Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАКФУДБАЛ.**

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Дисциплинската комисија постапувајќи по пријавата на Комисијата за мал фудбал на ФФМ, врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 11 коло на Втора Футсал Лига 19/20 помеѓу: КМФ ''Шкендија''- КМФ ''Кеги Моби'' одигран на ден 31.01.2020 година во Тетово ја констатира следната фактичка состојба:Кондициониот тренер на КМФ ''Кеги Моби'' Ристо Гиовски отстранет во 36 минута поради вулгарно однесување на натпреварот.

При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во диспозитивот.

ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Жалби на ФФМ со уплата на такса согласно одлука на УО на ФФМ на жиро сметка на ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД - Скопје. Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

Доставено до:
- КМФ ''Кеги Моби'' -Велес
- ФФМ - МАКФУДБАЛ
- Архивата на ФФМ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
Дисциплинската комисија
Претседавач
Арбен Борова с.р.

# ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Број: 08-235/1-2.2

Скопје: 13.02.2020 Година

Врз основа на член 121 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Дисциплинската комисија постапувајки по пријавата на Комисијата за мал фудбал на ФФМ против Петровски Антонио играч на КМФ ПРОЕКТ ЦИКО- Валандово врз основа на Член 40 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 13.02.2020 година донесе:

## О Д Л У К А

1 **Петровски Антонио со ИД 106812 играч на КМФ Проект Цико - Валандово се казнува со дисциплинска мерка забрана на настап на 2 (два) првенствени или куп натпревари.**

2 **Казната тече од 07.02.2020 Година.**

3 **Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ.**

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Дисциплинската комисија постапувајки по пријавата на Комисијата за мал фудбал на ФФМ, врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 12 коло на Прва Футсал лига 19/20 помеѓу екипите на КМФ Астибо - КМФ Проект Цико одигран на ден 06.02.2020 година во 19.00 часот во Штип ја констатира следната фактичка состојба: Фудбалерот на КМФ Проект Цико Петровски Антонио со ИД број 106812 исклучен со директен црвен картон во 15 минута поради груба игра на натпреварот.

При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во диспозитивот.

ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Жалби на ФФМ со уплата на такса согласно одлука на УО на ФФМ на жиро сметка на ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје. Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

Доставено до:

- КМФ Проект Цико - Валандово
- ФФМ - МАК ФУДБАЛ
- Архивата на ФФМ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Дисциплинската комисија

Претседавач

Арбен Борова с.р.

# ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Број: 15-282/1

Прва МФЛ: 2019 - 2020

Скопје: 18.02.2020 Година

---

Врз основа на член 79 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, а во врска со член 135 од Правилникот за натпревари на ФФМ, Комисија за натпревари на ФФМ на ден 18.02.2020 година донесе:

# ОДЛУКА

1. ФК ШКУПИ- 1927 АД - Скопје се казнува со автоматска парична казна од 100.00 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка **на ФФМ 200002504222317**
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ

## Образложение

Комисија за натпревари на ФФМ врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 19 коло на Прва МФЛ 19/20 помеѓу, ФК ШКУПИ- 1927 АД - ФК БОРЕЦ 1919 АД, ја констатира следната фактичка состојба: Бајрами Мухарем со ИД 100370 фудбалер на ФК Шкупи 1927 Ад се пердава на ДК на ФФМ поради добиен втор жолт-црвен картон (прв во 51 минута поради влечење и втор во 86 минута поради недозволен старт на натпревар во рамки на 19 коло на Прва МФЛ помеѓу екипите на ФК Шкупи 1927 АД-ФК Борец 1919 одигран на 16.02.2020 година.

При ваква утврдена фактичка состојба Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

Доставено до:

- ФК ШКУПИ- 1927 АД - Скопје
- Сметководството на ФФМ
- Архивата на ФФМ

Комисија за натпревари на ФФМ

Игор Франгоски

с.р

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата



**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ" бб
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**